ВЕРА БИТРАКОВА ГРОЗДАНОВА
МАНУ
Скопје

**УДК 929 Тачева, М.**

# МАРГАРИТА ТАЧЕВА (1936-2008)



На 18 декември 2008 година го напушти своето семејство, пријателите и колегите еден од најголемите познавачи на историјата на античка Тракија, познатиот научник и професор на Историскиот факултет на Универзитетот *Св. Климент Охридски* во Софија Д-р Маргарита Тачева. Родена е во Шумен, во североистокот на старата Тракија која цел живот ќе ја проучува. Гимназија завршува во 1954 год. а 1956 год. и Средно-музичко училиште во Софија. Со нејзиниот инструмент виолончело музицира за да може да си ги олесни студиите. Учи кај познатите професори по античка историја и епиграфија Проф. Христо Данов, проф. Борис Геров. По

завршените студии на Историскиот факултет 1962 година работи на Великотрновскиот универзитет, во Археолошкиот институт на БАН и потоа од 1972 на Историскиот факултет во Софија, како професор по предметот *Стара историја*. Докторската теза ја одбранува во 1980 год. на Универзитетот во Софија на тема *Историја на источните култове в Долна Мизия и Тракия(V в.пр.н.е.- IVв.от.н.е.)* издадена во Софија во 1982, а потоа и во познатата Лајденска едиција за старите религии на античкиот свет *Eastern Cults in Moesia Inferior and Thracia (5th c.B.C.-A.D.4$^{th}$ c.) Leiden 1983*. Денес ова дело не може да го одмине ниеден истражувач на античките култови кои од источниот свет навлегле на Балканот.

Како научник со широка ерудиција проучува комплекс на проблеми од антиката со особено изразена тенденција кон интердисциплинарен пристап. Нејзината обемна хронолошки и тематски развиена дејност се согледува преку обелоденетите студии и книги, над сто и педесет.

Истражувачкиот дар на проф.Тачева беше насочен кон продлабочено откривање на политичкото и општествено-економското развивање на древна Тракија низ целиот прв милениум пр. Хр., врз проблемите на историската географија на балканските земји, на тракиската култура, на верувањата во Тракија но и во соседните области, во Македонија, во Мизија, во Дакија. Таа со ист жар ги проучуваше тракиските римски провинции, нивната организација, вклучувајќи ги тракиските регрути во римската армија и христијанизацијата во балканските провинции од IV–VI век, базирано врз одличното познавање на книжевните извори и епиграските споменици.

Во текот на скоро педесет години истражувачка работа во нејзините трудови се чувствува интензивното трагање по вистината. Таа настапуваше често со алтернативни решенија, секако, поддржувани со нови факти. Не се помируваше со предложените решенија кои беа хипотези. Затоа беше позната по своето *инакомислење*. Трагајќи по вистината ги надоградуваше поранешните достигнувања, стигнуваше до нови сознанија и нови решенија.

Најраните истражувачки теми како преселувањата од Мала Азија, Сирија и Египет во Долана Мизија и Тракија, претставуваат база за повеќето истражувачки теми опфатени со опусот на проф.Тачева. Секогаш ги следеше движењата

што се случувале на Балканот низ вековите. Нејзините истражувања во доменот на религијата се особено запазени. Покрај источните култови кои беа проследени не само со познавањето на религиските идеи но и со познавањето на книжевните и епиграфските извори, беа проучувани и други балкански божества. Особено нејзино откритие претставува определувањето на Ѕевс *Хипсистос* како божество кое се дефинира на македонската територија. И ова е резултат на инакомислењето на непокорниот дух на истражувачот. Особен интерес за неа претставуваше религиозниот синкретизам во паганизмот на балканските провинции. Во 1999 год. ќе излезе и книгата *Историја на религиите* како резултат на долгогодишните проучувања во овај домен на античката култура.

Во научниот опус секако дека доминира историјата на античките племиња и случувањата што се одвивале на територијата на Бугарија. Неодминливи се двата тома на книгата *Историята на българските земји в древността през елинистичката и римската епоха*, издадени во Софија во 1987 и 1997 година Тие студии се базата врз која ги градеше понатамошните продлабочени истражувања, трагаше по нови непознати извори за историјата на тракиските владетели од протоантиката. Интердисциплинарноста ќе ја внесува во голем дел на своите трудови. Најновите големи археолошки откритија како градовите Севтополис на кралот Севт III, Кабиле или емпорионот Пистирос, како и богатите кралски погребувања под монументалните тумули, ја инспирираа за нови толкувања околу историјата на тракиските владетели. Во последната нејзина публикација *Царете на древна Тракия*, София 2006, претстави галерија на портрети на тракиските владетели, од V до III век, зборувајќи за нивните центри, за монетарните емисии, за симболиката, толкувајќи ги последните епиграфски споменици со внесување на ново датирање кое ќе биде прифатено во последните дваесетина години во европската историографија.

Голем придонес проф.Тачева има во проучувањето на римскиот *socium*. Општествените прилики во освоените простори на источниот Балкан, уредувањето на римските провинции, ропството, регрутите во римската војска и урбанизацијата од страна на Трајан ќе биде предмет на поучување претставено во студиите, во книгата *Власт и социум в рим-*

*ска Мизия и Тракия* , издадена во Софија 2000 год. Во истата публикација се објаснети и тракиските светилишта од аспект на етнокултурните комуникации кои сметаше дека траат и до ден денес на Балканот. Преку религиозниот сикретизам во предвечерието на Миланскиот едикт таа го согледуваше и прифаќањето на христијанството во тракиските простори. Ова книга излезе од печат во годината кога во Охрид се одржуваше Симпозиумот посветен на 2000 години христијанството и Симпозиумот посветен на 50 годишнината од издавањето на списанието *Жива Антика*, кога и проф. Тачева беше присутна со свој труд. Во 2004 година во Софија ќе излезе од печат вториот том на студијата *Власт и социум в римска Мизия и Тракия* .

Поради својата исклучителна професорско-педагошка и научна дејност таа беше декан на Историско-Филолошкиот факултет во Благоевград (1988-2002), раководител на Институтот за стара историја, палеобалканистика и тракологија при Историскиот факултет во Софија, долгогодишен член на Научниот совет за стара и средновековна историја, археологија и етнологија при Бугарската академија на науките. Држеше предавања на Универзитетите во Саарланд (Германија), во Фрибург (Швајцарија), во Скопје, во Благоевград, во Трново. Учествуваше во работата на многу меѓународни собири низ Европа. Беше член на Научниот совет на списанието *IL MAR NERO* (Roma- Bucarest), член на редакцискиот одбор на *ЖИВА АНТИКА*, член на Меѓународната група за проучување на античката економија (*GIREA*), со седиште во Франција (Besançon).

Во 2002 година Катедрата по стара историја и тракологија при Историскиот факултет на Универзитетот во Софија со која раководеше повеќе години, на својата професорка и колешка и посвети *Сборник в чест на проф. Маргарита Тачева*, *Jubileus* V, по повод 65 години од животот и 40 години посветени на древноста. Во Зборникот зедоа учество многу нејзини колеги, ученици, блиски соработници од земјата и од странските универзитети, со прилози од историјата, нумизматиката, епиграфијата, археологијата, како и од страна на млади колеги кои ги следат нејзините сугестии околу значењето на преводите на грчките и латинските извори.

Колешката Маргарита Тачева беше вистински пријател и колега. Знаеше во неволја да помогне. Ја сакаше многу природата на Витоша каде и мене еднаш ме поведе. Ја сакаше Пирин планина и во таа регија се среќававме на научни собири. Го сакаше Охрид и особено мудроста искажана на ликот на св. Наум на позната икона од XIV век. Имаше повеќе добродетели. Беше многу работлива, со строги критериуми во науката, со богатство на знаења, со топлина на пријател и особено ја красеше нејзиното достоинство до крајот на животот. Згасна тивко. Бугарската и европската наука загуби вонреден стручњак, колега, драгоцен учител, прекрасен пријател, а нејзините деца со семејствата голема мајка.

Requiescat in pace!